23212

ČLAN MEĐUNARODNE ORGANIZACIJE — F I B E P

**pres-kliping • press-clipping**

(Osnovano 1952. godine)

NOVINSKA DOKUMENTACIJA

NOVINSKO IZDAVAČKO PREDUZEĆE

PRESS PUBLISHING ENTERPRISE

Beograd — Knez Mihajlova 2/IX — Pošt. fah — P. O. Box 95,

Tel. 621-578 — Žiro račun — Current Account: 60801-601-3289.

Isečak iz lista
Newspaper cutting

ВЕЧЕР
Скопје

18. II. 1977

ИЗЛОЖБИ

# СОВРЕМЕН АРХАИЗАМ

(САМОСТОЈНА ИЗЛОЖБА НА ИЛИЈА ЛАФАЗАНОВСКИ ВО СКОПСКИОТ ЦЕНТАР ЗА КУЛТУРА И ИНФОРМАЦИИ)

**Илија Лафазановски** уште во своите први скулптури го привлече нашето внимание со една навраписта оригиналност: небаре наеднаш изникнал од некакво далечно време, од духовните сфери на една стара цивилизација. Иако високо школуван скулптор (**академија за ликовна уметност завршил во Клуж, Романија**), тој во својот уметнички израз небаре наполно се идентификувал со еден вид архајска евокација, со една уметност која не им е само блиска на народните маси, туку и како да произлегува од нив.

**И покрај тоа што на прв поглед неговите скулптури изгледаат како креации што им се блиски на наивните творби, на некакви непретенциозно создадени споменици од анонимни автори, сепак, ако се погледнат повнимателно, во нив ќе најдеме впечатливи белези на ученост, на убедлива професионалност, на ретка емотивност и на една оформена индивидуалност што е карактеристична за зрелите уметници, кои веднаш го пронаоѓаат својот уметнички пат, својата тематска преокупација, својот визуелен свет.**

Првенствено свртен кон исконското, кон древните облаци и гестови, кон полуизлижаните контури на некакви првобитни фигури, сепак, во секоја своја скулптура Лафазановски третира современи проблеми и идеи, моделира содржини кои се едностојно актуелни и многу асоцијативни, па затоа неговите дела изгледаат како тотеми, но тотеми чие потекло е наше, од нашата земја, од нашиот камен, од нашиот мермер. **Впрочем, неговиот толку нагласен фигуративен архаизам има современ карактер.**

Јасно се гледа дека творештвото на Лафазановски е поштедено од секакви туѓи влијанија и пластични сфаќања кои не им се соодветни на нашиот живот, на нашето поднебје и дух. Неговите скулптури како да се своевидни јунаци од некаква наша стара и позната приказна, која е раскажувана со јазикот на народот.

**Тука намерно е избегната совршеноста на формите и односите, намерно се пренебрегнува академизацијата на ликвидните вредности. Едноставноста, медитативноста, спонтаноста и непретенциозноста главни карактеристики на Лафазановски, така што се добива впечаток дека тој своите скулптури ги работи само за себе, дека создава во една зачудувачка изолираност од мимолетните нешта, дека е опчинет не од некаква надворешна, сурнопарна убавина и хармонија, туку о~ една таинствена првобитна сила и структура на појавите и на формите.**

Токму тие карактеристики главно го условуваат и изборот на материјалот во неговото творештво: **каменот, мермерот и иловицата,** кои всушност биле и главен изведувачки материјал на разни архајски уметности.

**Паскал ГИЛЕВСКИ**